**20110240593**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНДУСТРИСКАТА СОПСТВЕНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 февруари 2011 година.

Бр. 07-1059/1
23 февруари 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНДУСТРИСКАТА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост (“Службен весник на Република Македонија” број 21/2009), во членот 52 став (2) зборовите: ”рок од шест месеца” се заменуваат со зборовите: “рок од дванаесет месеци”.

Член 2

Во членот 121 став (2) зборовите: ”301 став (5)” се заменуваат со зборовите: “297 став (5)”.

Член 3

Членот 231 се менува и гласи:

„(1) Со заштитениот географски назив се одбележуваат природни производи, индустриски непрехранбени производи, занаетчиски производи и производи од домашна ракотворба.

(2) Со заштитениот географски назив се одбележуваат и земјоделски производи, прехранбени производи, индустриски прехранбени производи, кои не се опфатени со Законот за квалитет на земјоделски производи.”

Член 4

Членот 318 се менува и гласи:

“(1) Доколку инспекторот утврди дека се повредени правата од индустриска сопственост привремено ќе ги одземе предметите со кои е извршен прекршокот и ќе издаде потврда за привремено одземените предмети во случај кога:

- неовластено се користи заштитен пронајдок,
- неовластено се користи или имитира заштитен индустриски дизајн,
- неовластено се користи или имитира заштитена трговска марка и
- неовластено се користи или имитира добро позната трговска марка.

(2) Доколку инспекторот утврди дека се повредени правата од индустриска сопственост од ставот (1) на овој член ќе донесе решение со кое ќе нареди да се повлечат од употреба опремата, средствата и документите со кои е сторен прекршокот и ќе определи рок за нивно повлекување.

(3) Доколку правното или физичкото лице не постапи по наредбата од ставот (2) на овој член, инспекторот ќе донесе решение за привремена забрана на вршење дејност во траење од 30 дена за правното лице, а за физичко лице од 15 дена, ќе ги запечати просториите во кои се врши дејноста, ќе ги одземе опремата, средствата и документите во врска со нив и ќе издаде потврда за привремено одземената опрема, средства и документи.

(4) Привремено одземените производи,опремата, средствата и документите од ставовите (1) и (3) на овој член, инспекторот е должен да му ги предаде на надлежниот суд.”

Член 5

Во членот 321 став (1) износот “8.000” се заменува со износот “6.000”.

Во ставот (1) точките 1, 2, 3, 4 и 5 се менуваат и гласат:

„1) неовластено се занимава со застапување на правни и физички лица (членови 22 и 279);

2) неовластено користи пријавен или заштитен пронајдок (член 291 став (2));

3) неовластено користи или имитира пријавен или заштитен индустриски дизајн (член 291 став (2));

4) неовластено користи или имитира пријавена или заштитена трговска марка (член 291 ставови (2) и (3)) и

5) неовластено користи или имитира добро позната трговска марка (член 291 ставови (2) и (3)).“

Член 6

Во членот 322 став (1) точка 2 зборовите: ”ставови (3) и (4)” се заменуваат со зборовите: “став (2)”.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) За прекршоците од ставовите (1), (2) и (3) на овој член инспекторот е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците, пред да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.”

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".